**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 457 и член 460 од Законот за трговските друштва и член 57 од Статутот на Прехранбена индустрија КРИСТАЛ 1923 АД - Велес, Собранието на акционери на Прехранбена индустрија КРИСТАЛ 1923 АД - Велес на седницата на годишното редовно собрание одржана на ден 31.05.2022 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за одобрување на зделки со заинтересирани страни

### Член 1

Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамките на редовното работење (купување, продавање, услуги, давање недвижности под закуп, давање и земање на заеми, кредити и гаранции) СЕ ОДОБРУВА зделка со заинтересирани страни на ПИ КРИСТАЛ 1923 АД - Велес во текот на 2021 година и тоа:

-со Друштвото за производство трговија и услуги АГРО-ЕЛИ извоз-увоз ДООЕЛ Велес со ЕМБС: 558969

и

-со Друштвото за производство трговија и услуги МАЛИНА извоз-увоз ДООЕЛ Велес со ЕМБС: 6452043.

### Член 2

Вкупната вредност на зделката која се состои од повеќе поединечни зделки со заинтересираната страна Друштво за производство трговија и услуги АГРО-ЕЛИ извоз-увоз ДООЕЛ Велес за тековната 2021 година нема да надмине износ од 60.000.000,00 денари, при што за тоа е склучен посебен писмен договор за деловна соработка со акционерското друштво.

Реализацијата на овие зделки ќе зависи од потребите на двете договорни страни.

Вкупната вредност на зделката која се состои од повеќе поединечни зделки со заинтересираната страна Друштво за производство трговија и услуги МАЛИНА извоз-увоз ДООЕЛ Велес за тековната 2021 година нема да надмине износ од 60.000.000,00 денари, при што за тоа е склучен посебен писмен договор за деловна соработка со акционерското друштво.

Реализацијата на овие зделки ќе зависи од потребите на двете договорни страни.

### Член 3

Износот на зделките со заинтересираните страни е определен по фер вредности и по пазарни услови, односно цени кои важат во моментот на реализирањето на самите зделки.

Овој износ е без вклучен ДДВ и истиот не надминува 10 % од вредноста на активата на акционерското друштво определена врз основа на последните ревидирани финансиски извештаи.

### Член 4

Се овластува извршниот член на Одборот на директори на акционерското друштво да ги преземе сите мерки за доследно почитување на условите наведени во посочениот договор за деловна соработка со заинтересираната страна, а особено за тоа да се внимава зделките да не се реализираат во спротивност со интересите на акционерското друштво.

Се овластува извршниот член на Одборот на директори на акционерското друштво по целосното реализирање на овие зделки да спроведе постапка за известување на акционерите,

јавноста и надлежните државни органи согласно важечките одредби од Законот за трговските друштва.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери,
Претседавач,